## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1, 2 и 3 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за здравствената заштита,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 16 мај 2019 година.

Бр. 08-2896/1
16 мај 2019 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА

Член 1

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија” број 20/19), во член 22 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Здравствените работници со високо образование од областа на медицината кои до денот на влегувањето во сила на овој закон, се стекнале со лиценца за работа можат да специјализираат согласно со одредбите од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија” број 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16 и 37/16).”.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.